ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 04-1002/6
Датум: 23.12.2020

Врз основа на член 9 став (1) точка 12 од Закон за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/2010, 145/2010, 12/2014, 43/2014, 154/15, 192/15, 27/2016 и 83/18) и член 73 од Колективниот договор на ниво на Државниот завод за ревизија (бр. 01-403/1 од 15.04.2015, бр. 01-290/1 од 19.04.2017 година и бр. 01-837/1 од 12.11.2018 година и Спогодба за продолжување на важноста на Колективниот договор на ниво на ДЗР бр. 03-406/1 од 31.05.2019 година) а во врска со Извештај од спроведена селекција за унапредување на државни ревизори во Државен завод за ревизија заведена под број 04-1002/5 од 18.12.2020 година, со предлог на избор на кандидат за работно место по Интерен оглас за унапредување заведен под број 04-1002/2 од 01.12.2020 година и објавен истиот ден, доставен од Комисијата за селекција за унапредување формирана со решение заведено под број 03-1002/4 од 16.12.2020 година, на ден 22.12.2020 година, Главниот државен ревизор донесе:

# ОДЛУКА

**избор на кандидат за унапредување на работно место Виш ревизор за ревизија на информациски системи на субјекти од законодавната, извршната власт, претседателот, Буџетот на Република Северна Македонија, одбраната, јавната безбедност, Народната банка на РСМ, политичките партии, Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната изборна комисија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и следење на изборниот процес, единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија и трговските друштва основани од единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија и трговските друштва основани од централната власт**

1. По спроведената постапка со Интерен оглас за унапредување на еден кандидат на работно место Виш ревизор за ревизија на информациски системи на субјекти од законодавната, извршната власт, претседателот, Буџетот на Република Северна Македонија, одбраната, јавната безбедност, Народната банка на РСМ, политичките партии, Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната изборна комисија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и следење на изборниот процес, единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија и трговските друштва основани од единиците на локалната



INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED

самоуправа, јавните претпријатија и трговските друштва основани од централната власт, заверен во Државниот завод за ревизија под број 04-1002/2 од 01.12.2020 година, **се избира кандидатот Владимир Николоски.**

2. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и истата се објавува на интернет страницата на Државниот завод за ревизија и на огласната табла на Државниот завод за ревизија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во врска со член 69 став (3) и став (4) од Колективниот договор на ниво на Државниот завод за ревизија (бр. 01-403/1 од 15.04.2015, бр.01-290/1 од 19.04.2017 година и бр.01-837/1 од 12.11.2018 година) а во врска со Годишниот план за вработување за 2020 година на Државниот завод за ревизија бр.01-735/1 од 30.12.2019 година и број 01-963/1 од 13.11.2020 година, согласност од Министерство за финансии бр.08-112/7-2 и согласност од Министерство за информатичко општество и администрација бр.12/6-346/2 од 15.01.2020 година и број 12/6-346/4 од 23.11.2020 година, Известување за обезбедени финансиски средства за унапредување од Министерство за финансии бр.18-609/2 од 14.01.2020 година, дадена по барање согласност за унапредување на Државниот завод за ревизија бр.04-44/1 од 13.01.2020 година, објавен е Интерен оглас за унапредување на еден кандидат на работно место Виш ревизор за ревизија на информациски системи на субјекти од законодавната, извршната власт, претседателот, Буџетот на Република Северна Македонија, одбраната, јавната безбедност, Народната банка на РСМ, политичките партии, Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната изборна комисија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и следење на изборниот процес, единиците на локалната самоуправа и јавните претпријатија и трговските друштва основани од единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија и трговските друштва основани од централната власт, заверен во Државниот завод за ревизија под број 04-1002/2 од 01.12.2020 година година, и објавен е истиот ден.

Согласно Извештај од спроведена селекција за унапредување на државни ревизори во Државен завод за ревизија заведена под број 04-1002/5 од 18.12.2020 година, за работното место за кое е објавен интерниот оглас, конкурирал еден кандидат, и тоа вработениот Владимир Николоски, кој ги дал потребните одговори на поставените прашања на интервјуто наменети за кандидатите, заради што членовите на комисијата за селекција за унапредување формирана од Главниот државен ревизор со Решение заведено под број 03-1002/4 од 16.12.2020 година, едногласно му предлагаат на главниот државен ревизор да

донесе одлука за избор на кандидатот, вработениот Владимир Николоски, за унапредување на наведеното работно место.

Во согласност со член 73 од Колективниот договор на ниво на Државниот завод за ревизија, а врз основа на поднесениот Извештај од спроведената постапка за селекција за унапредување на државни ревизори во Државен завод за ревизија, Главниот државен ревизор одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволните кандидати имаат право да поднесат жалба до Агенцијата за администрација – Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во Втор степен, во рок од 8 (осум) дена сметано од денот на доставување на Одлуката до кандидатите и објава на веб страната на Државниот завод за ревизија .

**Главен државен ревизор,**

**м-р Максим Ацевски**

Изработил: м-р Александар Поповски